ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 03-870/1
30.09 202 4 год.
СКОПЈЕ 1

АНЕКС НА ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ПОЛАГАЊЕ НА КОЛОКВИУМИ И ИСПИТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Скопје, 30.09.2024 година

Врз основа на чл.94 од Законот за високо образование („Сл. весник на Р. Македонија“ бр.82/18) и чл.72 од Статутот на Европски Универзитет Скопје, Универзитетскиот сенат на 132-та седница одржана на ден 30.09.2024 година, го донесе следниот:

АНЕКС НА ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ПОЛАГАЊЕ НА КОЛОКВИУМИ И ИСПИТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Член 1

Со овој Анекс се врши измена и дополнување на Правилникот за начинот на пријавување, спроведување, спроведување и полагање на колоквиуми и испити бр. 03-595/1 од 27.06.2024 година (во натамошниот текст: Правилник).

Член 2

За стручно-уметничките предмети од студиската програма определени на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн, кои по својата природа се темелат на практичната настава, бројот на поените се утврдува на следниот начин:

2 колоквиуми: (Изработка на вежби, домашни задачи, колоквиумски тест / колоквиумска задача)	60 поени
Редовност на предавања и вежби:	20 поени
Активности: (презентации, стручни трудови, работилници, изложби, ревии, натпревари и сл.)	10 поени
Самостоен креативен израз:	10 поени
Вкупно:	**51 – 100 поени**

Член 3

За да има право на полагање на стручно-уметничкиот предмет преку колоквиум и испит, студентот треба да оствари минимум 50% присуство на настава (предавање и вежби) и да ги изработи и реализира предвидените задачи од

практичната настава (вежби и домашни задачи). Задачите ги утврдува наставникот во зависност од природата на предметот и наставната програма.

Член 4

Вработените студенти и студентите на боледување кои ќе го полагаат стручно-уметничкиот предмет преку испит треба да остварат минимум 2 консултации со наставникот и/или асистентот за време на семестарот и 1 консултација пред полагање на испитот. Заради неопходниот континуитет и соодветниот развој на практичните вештини, предвидените задачи од практичната настава треба да се достават сукцесивно, во првата и втората колоквиумска недела.

Член 5

За теориските предмети од студиската програма определени на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн, бројот на поените се утврдува на следниот начин:

2 колоквиуми (колоквиумски тест / колоквиумска задача):	60 поени
Редовност на предавања и вежби:	20 поени
Изработка на стручен труд + презентација	20 поени
Вкупно:	**51 - 100 поени**

Завршни одредби

Член 6

Автентично толкување на одредбите од овој Анекс дава Универзитетскиот сенат.

Член 7

За измени и дополонувања на Анексот се спроведува постапка иста како и при негово донесување.

Член 8

Анексот влегува во сила со денот на неговото донесување, од страна на Универзитетскиот сенат.

Претседател на Универзитетски сенат:

Доц. д-р Соња Вујасин

Вујасин